Република Северна Македонија
Republika e Maqedonisë së Veriut
МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА
MINISTRIA E ARSIMIT DHE SHKENCËS
Педагошка Служба - Shërbimi Pedagogjik
01 JUL 2026 26-555/2
20 год.-viti

Врз основа на член 10 став (1) алинеја 7 од Законот за Педагошка служба („Службен весник на Република Македонија“ бр.18/2011, 41/2014, 55/2016 и 64/2018) и член 54 став (4) од Законот за општата управна постапка („Службен весник на Република Македонија“ бр.124/15), директорот на Педагошката служба, го донесе следното

**Р Е Ш Е Н И Е**

1. **СЕ ЗАПИРА** постапката за одобрување и издавање на учебник за наставниот предмет Албански јазик (изборен предмет) за VII одделение во основно образование започната по Конкурсот за одобрување и издавање на учебници бр.26-555/1 од 04.05.2026 година.
2. Останатите постапки кои се дел од Конкурсот од точка 1 од диспозитивот на оваа Решение продолжуваат.
3. Ова решение влегува во сила наредниот ден од денот на неговото донесување.
4. Решението да се објави на интернет страницата на Министерството за образование и наука.

***О б р а з л о ж е н и е***

Министерството за образование и наука – Педагошка служба на ден 04.05.2026 година објави Конкурс за одобрување и издавање на 16 учебници во основно образование бр.26-555/1, кој е објавен на интернет страницата на Министерството за образование и наука – Педагошка служба.

Помеѓу учебниците од конкурсот е и учебник за наставниот предмет Албански јазик (изборен предмет) за VII одделение во основно образование, за кој веќе е спроведена постапка и е донесена Одлука за одобрување и издавање на учебникот со бр. 26-929/3 од 12.09.2025 година.

Согласно со членот 5 став (1) од Законот за учебници во основно и средно образование за еден наставен предмет се одобрува еден учебник за употреба.

Согласно член 54 став (4) од Законот за општата управна постапка („Службен весник на Република Македонија“ бр.54/2015), кога постапката е поведена по службена должност, јавниот орган може да ја запре постапката.

Имајќи го предвид во фактот дека веќе е донесена одлука за одобрување и издавање на учебник за наставниот предмет Албански јазик (изборен предмет) за VII одделение во основно образование, како и фактот дека за еден наставен предмет се одобрува само еден учебник за употреба, Министерството за образование – Педагошка служба одлучи како што е наведено во точка 1 од диспозитивот на ова решение. Сите останати постапки започнати со јавниот Конкурс продолжуваат да се спроведуваат.

ПРАВНА ПОУКА: Против оваа Одлука незадоволната странка може да поведе управен спор пред Управниот суд, во рок од 30 дена од денот на нејзиното објавување на веб страната на Министерството за образование и наука.

**ДИРЕКТОР,**
**м-р Роберт Аџипетров**

Република Северна Македонија - Republika e Maqedonisë së Veriut
МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА - MINISTRIA E ARSIMIT DHE SHKENCËS
Педагошка Служба - Shërbimi Pedagogjik
Скопје - Shkup